| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **100,000** | **100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100,000** | **100,000** |
| 425 | Договорни услуги | 40,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 |
| 426 | Други тековни расходи | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 60,000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 100,000 | 100,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 100,000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **100,000** | **100,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100,000** | **100,000** |
| 425 | Договорни услуги | 40,000 | 40,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40,000 | 40,000 |
| 426 | Други тековни расходи | 60,000 | 60,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60,000 | 60,000 |

**Член 4**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Центар - Скопје за 2024 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

**Бр.08-3120/20**
**09.07.2024 год.**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Виолета Велковска**

Изработил: Е. Николовски
Контролирал: А.Аларова

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за измена на Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за измена на Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/23
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 06/02; 04/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 89/22 и 247/22), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за измена на Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

1. Во Решението бр. 08-261/6 од 17.1.2022 година за именување член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје наместо Наташа Стаменова за член на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје се именува

- **Борче Јордановски.**

2. Решението да се достави до именуваниот, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје и до градоначалникот.

3. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/22
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/41 од 31.5.2024 година за определување посебни цени за големи корисници на катната гаража „Судска палата“ донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/41 од 31.5.2024 година за определување посебни цени за големи корисници на катната гаража „Судска палата“ донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/25
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22 и 247/22) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/41 од 31.5.2024 година за определување посебни цени за големи корисници на катната гаража „Судска палата“ донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/41 од 31.5.2024 година за определување посебни цени за големи корисници на катната гаража „Судска палата“ донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/24
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/44 од 27.6.2024 година за усвојување Ценовник на услуги за поправка и санација на урбана опрема на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/44 од 27.6.2024 година за усвојување Ценовник на услуги за поправка и санација на урбана опрема на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/27
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96; 09/97; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19; 89/22 и 247/22) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката бр. 02-17/44 од 27.6.2024 година за усвојување Ценовник на услуги за поправка и санација на урбана опрема на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр. 02-17/44 од 27.6.2024 година за усвојување Ценовник на услуги за поправка и санација на урбана опрема на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/26
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ХАБОТ доо Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ХАБОТ доо Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/29
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги ХАБОТ доо Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Друштво за трговија и услуги ХАБОТ доо Скопје на ул. „Партизански одреди“ бр. 17, за раззеленување на просторот од 33+75 квадратни метри, која подразбира:

- Садење 64 туи со димензии 110-120 см;
- Поставување неколку големи саксии со туи;
- Уредување со хумус, перпит и минерали;
- Згуснување на тревата;
- Поставување систем за наводнување и
- Редовно одржување на годишно ниво.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Друштво за трговија и услуги ХАБОТ доо Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/28
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги БАДЕЛ 1862 дооел Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги БАДЕЛ 1862 дооел Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/31
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Друштво за производство, трговија и услуги БАДЕЛ 1862 дооел Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Друштво за производство, трговија и услуги БАДЕЛ 1862 дооел Скопје за реновирање на урбаниот сквер во близина на Полициската станица Беко, која подразбира:

- Реновирање на зеленилото, садење нови дрвја и растенија, како и грижа за постојното зеленило;

- Поправка, реновирање и модернизирање на чешмата за пиење вода;

- Замена на урбаната опрема, поставување нови урбани елементи, како клупи, корпи за отпадоци и осветлување;

- Мурал на ѕидот од зградата на Градски ѕид, делот што гледа кон паркот.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Друштво за производство, трговија и услуги БАДЕЛ 1862 дооел Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/30
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 5.11.4 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка за ГП 5.11.4 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/33
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
# за донесување Техничка исправка за ГП 5.11.4 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје

## Член 1

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за **ГП 5.11.4** во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23). Техничката исправка е изработена со технички број 57/2024 од мај 2024 година од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија Скопје.

## Член 2

Техничката исправка се врши за ГП 5.11.4 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9816/8 од 21.12.2012 година.
За Техничката исправка за ГП 5.11.4 во Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје, издадено е Мислење бр. 09-1930/7 од 13.6.2024 година од Комисијата за урбанизам формирана од градоначалникот на Општина Центар-Скопје со Решение бр. 09-3068/1 од 2.6.2022 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

## Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука Техничката исправка ќе стане составен дел на Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на град Скопје - Мал Ринг, изменување и дополнување, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9816/8 од 21.12.2012 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот, односно како основниот план во кој е вградена Техничката исправка, за кој важат исти одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување урбанистички планови.

## Член 4

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/32
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 16.13 од Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 16.13 од Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/35
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување Техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 16.13 од Изменување и дополнување на ДУП Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за **ГП 16.13** во Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/23). Техничката исправка е изработена со технички број 56/2024 од јуни 2024 година од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за ГП 16.13 во Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9331/10 од 10.12.2012 година.

За Техничката исправка за ГП 16.13 во Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, издадено е Мислење бр. 09-1668/7 од 13.6.2024 година од Комисијата за урбанизам формирана од градоначалникот на Општина Центар-Скопје со Решение бр. 09-3068/1 од 2.6.2022 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

## Член 3

Со донесувањето на оваа Одлука Техничката исправка ќе стане составен дел на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-9331/10 од 10.12.2012 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот, односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој важат исти одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување урбанистички планови.

## Член 4

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/34
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства заради санирање штета настаната од пожар**

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства заради санирање штета настаната од пожар,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/37
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за доделување финансиски средства заради санирање штета настаната од пожар

### Член 1

На Даринка Симоноска ѝ се доделуваат финансиски средства заради санирање на последиците од пожар, во износ од 20.000 денари.

### Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојуваат од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2024 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/36
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување претставници на Општина Центар-Скопје во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје**

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Центар-Скопје во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/39
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување претставници на Општина Центар-Скопје во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје**

1. За претставници на Општина Центар-Скопје во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје се именуваат:

   - **Андријана Леноска**
   - **Тодор Пачаџиев**

2. Претставниците на Општина Центар-Скопје во Управниот одбор се именуваат за период од четири (4) години, почнувајќи од 10.7.2024 година.

3. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје.

4. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/38
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен како претставник од редот на вработените**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен како претставник од редот на вработените,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/41
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на**
**Јавната установа за деца Детска градинка**
**на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје,**
**предложен како претставник од редот на вработените**

За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје, предложен како претставник од редот на вработените е

1. **Анита Николиќ**

1. Членот во Управниот одбор се именува за период од четири (4) години, почнувајќи од 10.7.2024 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин"-Скопје.

3. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/40
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родителите**

Се објавува Решението за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родителите,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/43
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 114 точка 16 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родителите**

1. За член во Управниот одбор на Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје, предложен од Советот на родителите, се именува:

   **1. Васе Мицевски**

2. Членот во Управниот одбор се именува за период од четири (4) години, почнувајќи од 10.7.2024 година.

3. Решението да се достави до Градоначалникот и до Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Раде Јовчевски Корчагин“-Скопје.

4. Ова Решение стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/42
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје**

Се објавува Програмата за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/45
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ"бр. 5/02), а во врска со член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ" број 66/04; 89/08 и 152/15) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06;12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за одбележување значајни настани, истакнати личности и маалски традиции со спомен-обележја во Општина Центар-Скопје

## 1. ЦЕЛ / ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА

Зачувувањето на споменот за важните настани и личности од историјата и од културата на секој народ, кои впечатливо придонеле за развој на пошироката заедница, претставува посебна законска, морална и цивилизациска обврска, како на државната, така и на локалната власт. На подрачјето на Општина Центар-Скопје низ долг временски период се одвивале настани и се вкрстувале патиштата на личностите што оставиле неизбришливи траги во нашата историја на опстојување, борба за слобода, независност, национална самостојност и човеково достоинство.

Во Општина Центар-Скопје на голем број од овие личности, настани и маалски традиции им се подигнати споменици и спомен-обележја како знак на благодарност и признание од граѓаните на Република Северна Македонија и од Општина Центар-Скопје.

Со оваа Програма се опфатени личностите, настаните и маалските традиции што треба приоритетно да бидат обележани со поставување спомен-обележја на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

Општина Центар-Скопје ќе подигне спомен-обележја за следниве личности, настани и маалски традиции:

- Киро Глигоров (1917 - 2012)
- Димитар Влахов (1878 - 1953)

Покрај наведените личности, настани и маалски традиции, Општината може да ја проширува оваа Програма и со спомен-обележја по иницијатива на правни и на физички лица во согласност со Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата. Подетални податоци за видот на спомен-обележјата, нивната местоположба и другите податоци за спомен-обележјата се утврдуваат со одлука на Советот на Општината за нивно подигнување.

## 3. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на изградбата на спомен-обележјата, како и трошоците за чување, одржување и за заштита на спомен-обележјата ќе се врши од средства на Буџетот на Општина Центар-Скопје, од Буџетот на Република Северна Македонија, од донации, како и од други извори во согласност со законот.

## 4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/44
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за подигнување спомен-обележје на Киро Глигоров на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за подигнување спомен-обележје на Киро Глигоров на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/47
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ" бр. 66/04; 89/08 и 152/15) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), а во врска со Иницијативата на ООУ „Киро Глигоров" за подигнување спомен-обележје на Киро Глигоров, Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за подигнување спомен-обележје на Киро Глигоров на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Заради одбележување на делото и оддавање почит на ликот на Киро Глигоров, прв претседател на самостојна и независна Република Македонија, ќе се подигне спомен-обележје на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Спомен-обележјето ќе биде уметничко дело - биста, според опис и содржина што ќе ги определи подносителот на Иницијативата за подигнување на спомен-обележјето.

**Член 3**

Спомен-обележјето ќе се постави на предната (источна) страна на општинското основно училиште „Киро Глигоров" од ул. „Адам Мицкиевиќ" во училишниот двор на зелената површина и ќе биде донација од скулпторот Дарко Дуковски.

За трошоците за изработка на бекатонската патека се одделуваат средства од буџетот на општинското основно училиште „Киро Глигоров".

**Член 4**

За управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележјето со свои средства ќе се грижи општинското основно училиште „Киро Глигоров“.

**Член 5**

За спроведување на постапката за подигнување на спомен-обележјето се именува Одбор за подигнување спомен-обележје на Киро Глигоров, во состав:

- Ѓорѓе Јовановиќ - претседател;
- Виолета Велковска - член;
- Дамјан Момировски - член.

**Член 6**

Одборот има задача да ги врши следниве работи:

- да го следи извршувањето на оваа Одлука и за тоа да достави извештај до Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 7**

Стручните и административно-техничките работи за Одборот ќе ги вршат соодветните служби на општинската администрација.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/46
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за подигнување спомен-обележје на Димитар Влахов на подрачјето на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за подигнување спомен-обележје на Димитар Влахов на подрачјето на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/49
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на РМ" бр. 66/04; 89/08 и 152/15) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), а во врска со Иницијативата на Социјалистичката партија на Македонија за подигнување спомен-обележје на Димитар Влахов, Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## за подигнување спомен-обележје на Димитар Влахов на подрачјето на Општина Центар-Скопје

### Член 1

Заради одбележување на делото и оддавање почит на ликот на Димитар Влахов, социјалист, македонски револуционер, општественик и државник, ќе се подигне спомен-обележје на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### Член 2

Спомен-обележјето ќе биде уметничко дело - постамент со биста, според опис и содржина што ќе ги определи подносителот на Иницијативата за подигнување на спомен-обележјето.

### Член 3

Спомен-обележјето ќе се постави на ул. „11 Октомври" бр. 17 и ќе биде изработено од академскиот сликар Златан Трајков.

Трошоците за поставување на спомен-обележјето се на товар на подносителот на Иницијативата - Социјалистичка партија на Македонија.

## Член 4

За управувањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на спомен-обележјето со свои средства ќе се грижи подносителот на Иницијативата - Социјалистичка партија на Македонија.

## Член 5

За спроведување на постапката за подигнување на спомен-обележјето се именува Одбор за подигнување спомен-обележје на Димитар Влахов, во состав:

- Ѓорѓе Јовановиќ - претседател;
- Виолета Велковска - член;
- Дамјан Момировски - член.

## Член 6

Одборот има задача да ги врши следниве работи:

- да го следи извршувањето на оваа Одлука и за тоа да достави извештај до Советот на Општина Центар-Скопје.

## Член 7

Стручните и административно-техничките работи за Одборот ќе ги вршат соодветните служби на општинската администрација.

## Член 8

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-3120/48
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Рафинерија на нафта „ОКТА" АД-Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Рафинерија на нафта „ОКТА" АД-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година.

Бр. 09-3120/51
9.7.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 38. седница, одржана на 9.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Рафинерија на нафта „ОКТА“ АД-Скопје**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Рафинерија на нафта „ОКТА“ АД-Скопје на шест фотоволтаични сообраќајни знаци за потребите на Општина Центар-Скопје, кои ќе бидат поставени во близина на 5 основни училишта лоцирани на територијата на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Рафинерија на нафта „ОКТА“ АД-Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-3120/50
9.7.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.